Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 326/2024

Дата......2 0 -02- 2024

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Свети Николе се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод, КО Пеширово, КО Ерџелија, КО Ерџелија-вон гр, КО Амзабегово-вон град, Општина Свети Николе.**

Вкупната должина на трасата е околу 5,09 km. Должината на трасата за која што се издаваат условите за планирање на просторот е околу 3,3 km.

Останатиот дел од трасата навлегува во издадени:

- Услови за планирање на просторот за Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс на локалитетот кој ги опфаќа на КП 132/1, КП 133, КП 134, КП 135, КП 136, КП 137, КП138, КП 139/1, КП 139/2, КП 140, КП 141 и дел од КП 2392, м.в. Кукул, КО Амзабегово, Општина Свети Николе, со тех. бр. Y20112.
- Услови за планирање на просторот за Урбанистички план за село Ерџелија, Општина Свети Николе, со тех. бр. Y12615.
- Услови за планирање за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште ), на КП 1928, КП 1944, КП 1945, КП 1949/1, КП 1949/2, КП 1950, КП 1951, КП 1952, КП 1953, КП 1954, КП 1955, КП 1956, КП 1957, КП 1958, КП 1959, КО Ерџелија-вон г.р. Општина Свети Николе, со тех. бр. Y12122.

Траса се граничи со издадени Услови за планирање на просторот за Државна урбанистичка планска документација за изградба на фабрика за биогас на КП 1788/1, КП 1791, КП 1791/2, КП 1792/1 м.в. Струга, КО Ерџелија и КП 48, КП 49, КП 50, КП 51, КП 52, КП 53, КП 54, КП 55, КП 56, КП 112, КП 113, КП 114, КП 115, КП 116, КП 117, КП 118 и КП 119, м.в Алчак, КО Амзабегово, Општина Свети Николе, со тех. бр. Y20110.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Предвидената траса се сече на траса за која се издадени Услови за планирање на простор за Проект за инфраструктура за реконструкција на далекувод ТС Овче Поле-ТС Штип, со тех. бр. Y07113.

Во непосредна близина на трасата се издадени:

- Услови за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Ерџелија-вон град, Општина Свети Николе, со тех. бр. Y02623.
- Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1923, КП 1924, КП 1925, и делови од КП 1919, КП 1922 и КП 1926, КО Ерџелија-вон г.р, Општина Свети Николе, со тех. бр. Y02723.
- Услови за планирање на просторот за Локална урбанистичка планска документација за изградба на откупен центар за откуп на земјоделски производи на КП 355/1, КП 356, КП 359, КП 360, КП 361, КП 362, КП 363, КП 364, КП 365 и КП 367, м.в. Горна Јурија, КО Амзабегово, Општина Свети Николе, со тех. бр. Y01710i.

**Видот на пласнката документација да се усогласи со Законот на урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y00224** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод, КО Пеширово, КО Ерџелија, КО Ерџелија-вон гр, КО Амзабегово-вон град, Општина Свети Николе, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод, КО Пеширово, КО Ерџелија, КО Ерџелија-вон гр, КО Амзабегово-вон град, Општина Свети Николе потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нивна основа.

5. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита за земјоделското земјиште, а особено стритното органичување на трансформацијата на семјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод, КО Пеширово, КО Ерџелија, КО Ерџелија-вон гр, КО Амзабегово-вон град, Општина Свети Николе, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Свети Николе, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 58423 од 05.01.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод, КО Пеширово, КО Ерџелија, КО Ерџелија-вон гр, КО Амзабегово-вон град, Општина Свети Николе. Вкупната должина на трасата е околу 5,09 km.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод, КО Пеширово, КО Ерџелија, КО Ерџелија-вон гр, КО Амзабегово-вон град, Општина Свети Николе и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 326/2024 од 15.02.2024 година.

Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод, КО Пеширово, КО Ерџелија, КО Ерџелија-вон гр, КО Амзабегово-вон град, Општина Свети Николе, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk